# ВОДИЧ ЗА ПРИСТАП ДО ЕКОЛОШКАТА ПРАВДА ВО Р.МАКЕДОНИЈА

## "НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ НА Р.МАКЕДОНИЈА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА"

Центар за еколошка демократија - Флорозон

Овој водич е дел од проектот ***"Позеленување на македонската правда"*** чија основна цел е зајакнување на капацитетите на граѓанските организации и канцелариите на народниот правобранител во однос на еколошката правда во Република Македонија. Исто така овој водич треба да им послужи на граѓаните во исполнувањето на нивните уставни и законски загарантирани права и преку тоа да се придонесе кон подобрување на владеењето на правото како и да се зголеми соработката помеѓу сите засегнати чинители во животната средина.

Имплементатор на проектот е
Центарот за еколошка демократија - Флорозон.

**ФЛОРОЗОН**
центар за еколошка демократија

ул.Козле 3а/4-б, 1000 Скопје, Р.Македонија
тел/факс 02/2779 028
www.florozon.org.mk;
contact@florozon.org.mk

*финансиски поддржано од амбасадите
на САД и кралството Норвешка*

EMBASSY OF THE UNITED STATES OF AMERICA

*во соработка со:*

НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*Овој проект е делумно поддржан од амбасадите на САД и Кралството на Норвешка. Мислењата, откритијата, и заклучоците или препораките изнесени овде се на авторот(ите), и не ги одразуваат оние на Стејт Департментот на САД и Кралството на Норвешка.*

## ШТО Е НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ?

Народниот правобранител е независна, самостојна, професионална и стручна институција и во извршувањето на функциите и надлежностите пред се ги почитува принципите на објективност, непристрасност, одговорност, чесност, совесност, ажурност, итност, експедитивност, партиска неприпадност, еднаквост во заштитата на правата и слободите на граѓаните без разлика на пол, боја, раса, вера и слично. Работите од својата надлежност Народниот правобранител ги врши врз основа и во рамките на Уставот и Законот, како и меѓународните правни акти за човековите слободи и права.

## КОЈА Е УЛОГАТА НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ?

Народниот правобранител во основа ги штити уставните и законските права на граѓаните кога им се повредени од државни органи, но неговото дејствување има и поширока улога која се состои во унапредување, усовршување и подобрување на работата на државната управа како сервис на граѓаните со цел поефикасно и побрзо да го остварат своето право без оддолжување на управните и избегнување на непотребни судски постапки.

## КОИ СЕ НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА?

Народниот правобранител во вршењето на работите од својата надлежност презема дејствија и мерки заради заштита на уставните и законските права на граѓаните, меѓу останатите и за **правото на здрава и чиста животна средина** кое претставува едно од основните човекови права регулирано со Уставот, законите и меѓународните конвенции и договори ратификувани во Република Македонија.

Заштитата и унапредувањето на животната средина се вбројува во фундаменталните вредности и поради тоа треба да биде дел од приоритетните обврски на државните органи кои имаат надлежност во областа на животната средина.

КОГА

НАРОДЕН

ПРАВОБРАНИТЕЛ

?

## КОГА СЕ БАРА ПОМОШ ОД НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ?

Помош и интервенција од Народниот правобранител може да бара секој граѓанин на Република Македонија и странец (лично или преку свој полномошник) кога ќе оцени дека некое негово уставно и законско право му е повредено со акти или дејства на органи на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања. Заштита на правото пред народниот правобранител може да се бара откако претходно граѓанинот се обратил (поднел барање, молба, побарал помош, интервенција или друго дејство) до надлежниот орган или организација, а притоа тој орган или организација донел или не донел акт, презел, односно не презел соодветно дејство. Постапката пред Народниот правобранител се иницира со поднесување **претставка** (поплака, жалба). Народниот правобранител може да покрене постапка и по сопствена иницијатива, но за продолжување на постапката потребна е согласност од граѓанинот кому му е повредено уставното или законското право.

## ШТО Е ТОА ПРЕТСТАВКА?

Претставката претставува форма на жалба со која комуницираме со народниот правобранител. Иако во Република Македонија нема официјално пропишана форма за претставка , народниот правобранител за да поведе постапка пред надлежните органи и институции, потребно е да ги има следниве податоци : лични податоци на подносителот (име и презиме, адреса, телефон и др); -да ги содржи околностите, фактите и доказите врз кои претставката се темели (решение, одлука, жалба, заклучок, уверение, потврда, мислење и слично); во претставката треба да бидат наведени и органот, односно организацијата или службеното лице на кое се однесува претставката и актот (решение, заклучок, уверение и сл.) со кој е повредено правото на подносителот и да биде образложено дали и какви правни средства вложил подносителот.

## КАКО МОЖАМ ДА ПОДНЕСАМ ПРЕТСТАВКА?

Секој граѓанин може да избере еден од следниве начини на поднесување на претставка:

- писмено (лично или по пошта);
- усно со записник во просториите на народниот правобранител;
- по телефон или телефакс;
- по електронска пошта

КАДЕ

НАРОДЕН

ПРАВОБРАНИТЕЛ

## ПРЕД КОИ ОРГАНИ ПОСТАПУВА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ ?

### ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА:

- Служби;
- Комисии;
- Секретаријати

### МИНИСТЕРСТВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА:

**1. Државни органи:**
-управи, инспекторати, фондови, заводи, бироа, агенции, служби, здравствени установи, образовни институции, центри за социјални работи и други.

**2. Подрачни единици:**
пошта, телекомуникации, електростопанство, радио и телевизија, станбени и комунални претпријатија, железница локална самоуправа.

## КОГА МОЖЕ ДА ИНТЕРВЕНИРА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ ?

- Кога се повредени поединечни права на граѓаните со акти или дејства на органите на државната управа и другите органи и организации што имаат јавни овластувања;

- Кога по барања на граѓани се донесени управни акти (решенија, заклучоци, уверенија, потврди, мислења и сл.) со кои погрешно е утврдена фактичката состојба, погрешно е применет материјалниот закон, повредена е управната или друга постапка;

- Кога се дејствувало самоволно, бирократски, недолично и нехумано спрема граѓаните;;

- Кога не се постапувало по барањата или се донело решение по барањето без законска основа;

-- Кога странката се упатува од еден на друг шалтер или од еден на друг орган за работи и прибирање докази што органот може и службено да ги прибави.

- Кога не се вклучува заинтересираната страна во постапката;

- Кога се одолжува постапката по барањето;

- Кога не се спроведуваат извршните и конечните управни акти, и не се постапува по упатствата на второстепените управни и судските органи.

## КАКО МОЖЕ ДА ПОМОГНЕ НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ?

Откако Народниот правобранител ќе ја добие претставката и откако ќе констатира дека се повредени уставните и законските права на подносителот на претставката или пак се направени други неправилности, Правобранителот може:

- да даде препораки, предлози, мислења и укажувања за начинот на отстранување на констатираните повреди;

- да предложи повторно да се спроведе определена постапка согласно законите;

- да покрене иницијатива за поведување дисциплинска постапка против службено, односно одговорно лице;

- да поднесе барање до надлежниот јавен обвинител за покренување постапка заради утврдување казнена одговорност

- да побара времено одложување на извршувањето на управниот акт до одлуката на второстепениот орган или до донесување одлука од надлежен суд, ако констатира повреда на правата, а извршувањето на управниот акт би предизвикало ненадоместлива штета за некоја од странките во спорот.

## КОГА НЕ ПОСТАПУВА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

- АКО ОД ДЕЈСТВОТО ИЛИ ОД ПОСЛЕДНАТА ОДЛУКА НА ОРГАНОТ ОДНОСНО ИНСТИТУЦИЈА ИЗМИНАЛО ПОВЕЌЕ ОД ЕДНА ГОДИНА;

- АКО ОД ПОДАТОЦИТЕ ШТО МУ СТОЈАТ МУ СТОЈАТ НА РАСПОЛАГАЊЕ ПРОИЗЛЕГУВА ДЕКА НЕ СЕ РАБОТИ ЗА ПОВРЕДА НА ОСНОВНИТЕ ЧОВЕКОВИ ПРАВА;

- АКО ПРЕТСТАВКАТА НЕ КОМПЛЕТНА;

- АКО ПО ПРЕДМЕТОТ НА ПРЕТСТАВКАТА ВО ТЕК Е СУДСКА ПОСТАПКА.

# ПРИМЕР

Фабрика од областа на хемиската индустрија несоодветно го третира отпадот од производството со што значително ја загадува животната средина и штетно влијае на здравјето на месното население. Група локални жители го известуваат државниот инспекторат за животна средина преку барање за вршење на инспекциски надзор на фабриката и одредување на степенот на загаденост на наведениот локалитет. Инспекторатот за животна средина не постапува по барањето на жителите ниту ги известува за причините за неделување. Жителите, сметајќи дека им е повредено правото од страна на инспекторатот, поднесуваат претставка до народниот правобранител, кој по разгледување на случајот констатира повреда на правото и контактира со инспекторатот од кого бара истиот да постапи по горнеаведеното барање. Инспекторатот за животна средина постапува по барањето на народниот правобранител и врши инспекциски надзор во фабриката и го одредува степенот на загаденост, по што поднесува кривична пријава до надлежниот суд кој изрекува времена забрана за вршење на дејност на фабриката се додека не бидат отстранети сите забелешки нотирани од страна на инспекторатот.

## КАКО ДА КОНТАКТИРАМ СО НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ?

Главната канцеларија на Народниот Правобранител се наоѓа во Скопје, но исто така има и подрачни канцеларии во следниве градови : Тетово, Кичево, Штип, Струмица, Куманово и Битола. Народниот правобранител во постапувањето по претставката секогаш ја почитува приватноста и тајноста на податоците на подносителот на претставката и за таквата преземена активност подносителот не може и не смее да трпи штетни последици од органот кој му го повредил правото. За поднесената претставка не се плаќа такса

**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ**

**www.ombudsman.mk**

**Скопје:**

Тел: 02/ 3129 335
Факс: 02/ 3129 359
contact@ombudsman.mk
ул.Димитрие Чупоски бр.2

**Тетово:**

Тел: 044/ 344 081
Факс: 044/ 344 083
contact@ombudsman.mk
ул.Илинденска бр.85

**Кичево:**

Тел: 045/ 228 586
Факс: 045/ 228 584
contact@ombudsman.mk
ул.Бул Ослободување бб

**Штип:**

Тел: 032/ 381 709
Факс: 034/ 389 700
contact@ombudsman.mk
ул. Тошо Арсов бб.

**Струмица:**

Тел: 034/ 329 995
Факс: 034/ 329 993
contact@ombusman.mk
ул.Маршал Тито бб.

**Куманово:**

Тел: 031/ 431 448
Факс: 031/ 431 520
@:contact@ombudsman.mk
ул.ТргНова Југославија 24

**Битола:**

Т: 047/ 242 310
Ф: 047/ 242 510
contact@ombudsman.mk
ул.Јане Сандански бб.

до **Народен правобранител**
ул.Димитрие Чуповски бр.2,  1000 Скопје, Р.Македонија

# ПРЕТСТАВКА

име и презиме

адреса

место на живеење

поштенски број

возраст

државјанство

пол м ж

занимање

организација на кој се однесува претставката

име, презиме и функција на службеникот кој го повредил правото на подносителот

Дали ја контактиравте надлежната институција за настанатиот проблем врз кој се темели Вашата претставка?

ДА ☐ НЕ ☐

детален опис на проблемот врз кој ја темелите претставката

наведете кои правни средства сте ги вложиле (до кој орган и кога)

прилог (доказ / документи)

во канцеларијата на народниот правобранител бевте примен од службеникот

датум на поднесување

потпис на подносителот